Врз основа на член 27 став (1) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15 и 154/15), министерот за здравство донесе

# У П А Т С Т В О

# ЗА МЕДИЦИНСКОТО ЗГРИЖУВАЊЕ ПРИ ИРИГАЦИЈА НА НАДВОРЕШНИОТ СЛУШЕН КАНАЛ

## Член 1

Со ова упатство се утврдува медицинското згрижување при иригација на надворешниот слушен канал.

## Член 2

Начинот на згрижување при иригација на надворешниот слушен канал е даден во прилог, кој е составен дел на ова упатство.

## Член 3

Здравствените работници и здравствените соработници ја вршат здравствената дејност на медицинското згрижување при иригација на надворешниот слушен канал по правило согласно ова упатство.

По исклучок од став 1 на овој член, во поединечни случаи по оценка на докторот може да се отстапи од одредбите на ова упатство, со соодветно писмено образложение за причините и потребата за отстапување и со проценка за натамошниот тек на згрижувањето, при што истото од страна на докторот соодветно се документира во писмена форма во медицинското досие на пациентот.

## Член 4

Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-9839/1 — **МИНИСТЕР**

25 септември 2015 година — **Никола Тодоров**

Скопје — ______________

# ИРИГАЦИЈА НА НАДВОРЕШНИОТ СЛУШЕН КАНАЛ

МЗД Упатства

Последен пат е ажурирано на: 18-08-2014 © Duodecim Medical Publications Ltd

## Важно

- Пред иригацијата увото треба да биде прегледано
  - Кои се индикациите за иригација на надворешниот слушен канал?
  - Дали е интакна тимпаничната мембрана?
- Иригацијата на надворешниот слушен канал како терапевтски обид кога нема дијагноза може да го оддолжи поставувањето на дијагнозата и дури да ја влоши оригиналната состојба и заради тоа не се препорачува.
- По иригацијата, надворешниот слушен канал треба да се исчисти и да се исуши со сукција.

## Индикации [1]

- Инфекции
  - Акутен otitis externa
  - Otitis media и перфорација на тимпаничната мембрана
  - Оторејa во уво со вентилациона туба
- Екстракција на туѓо тело
  - Често пати е попрактично да се отстрани солидно туѓо тело со форцепс, ушна кука или со сукција, отколку со иригација.
- Отстранување на ушен восок
  - Ушниот восок може често лесно да се отстрани без иригација, со сукција, памучен тупфер или со форцепс.
  - Иригацијата на надворешниот слушен канал ефикасно го омекнува ушниот восок и го олеснува неговото отстранување, но ретко кога е доволно за да го отстрани.

## Процедура

- Течност за иригација
  - Течноста за иригација мора да биде загреана на температурата на телото.
    - Во спротивно, иригацијата ќе предизвика калориска реакција во вестибуларниот орган во внатрешното уво, што доведува до ротаторен вертиго и нистагмус.
  - Физиолошки раствор е најбезбедниот избор.
  - Може да се користи и плакнење со етанол и физиолошки раствор ако со сигурност се знае дека тимпаничната мембрана е интактна.
    - Еанолот во средното уво ќе предизвика чувство на печење и може да доведе до дисфункција на фацијалниот нерв или на внатрешното уво.

[1] За повеќе детали, види ги соодветните упатства.

- Опрема за иригација
  - Иригационо цевче, шприц (максимум 20 ml), бубрежњак, сукционо цевче од 2-mm.
- Изведување
  - Замолете го пациентот или асистентот да го држи бубрежњакот под увото.
  - Потпрете го иригационото цевче на надворешниот отвор на надворешниот слушен канал и усмерете ја течноста косо кон задниот ѕид на слушниот канал.
  - Внесете ја течноста за иригација полека во слушниот канал.
    - Избегнувајте насилна иригација.
- Инспекција на надворешниот слушен канал по плакнењето
  - Користете сукција за отстранување на целата преостаната влага во слушниот канал.
  - Користете сукција, форцепс или слично за отстранување на каков било преостанат материјал во слушниот канал по плакнењето.
  - Занемарувањето на чистењето или отстранувањето на влагата по плакнењето ќе создаде поволни услови за инфламација на надворешниот слушен канал.

---

Автор: Tatu Kemppainen
Article ID: ebm01106 (038.039)
© Duodecim Medical Publications Ltd

1. EBMG Guidelines 18-08-2014 Essential evidence plus, www.essentialevidenceplus.com/content/ebmg?page=39&results=20&class=none&resource=G
2. Упатството треба да се ажурира еднаш на 5 години.
3. Предвидено е следно ажурирање до 2019 година.